Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите **ЕКВАЛИТИКО** Скопје

# ПОВИК ЗА АВТОРИ/АВТОРКИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ТЕКСТОВИ И БЛОГОВИ

Дали ве инспирираат темите поврзани со родовата еднаквост и човекови права? Дали сакате вашиот глас да се слушне?

Организацијата Еквалитико објавува повик за текстови и блогови. Бараме инспиративни и аналитични текстови кои ќе покренат дискусија и ќе понудат нови перспективи.

## Тематски области

Вашите предлози треба да обработуваат некоја од следниве теми:

- **Човекови права** (со фокус на женските човекови права)
- **Родово базирано насилство**
- **Дигитално насилство и онлајн безбедност**
- **Женско сексуално и репродуктивно здравје**
- **Агенда Жени, мир и безбедност**

За текстовите да бидат земени предвид, потребно е да ги исполнуваат следниве технички услови:

- **Должина:** Помеѓу 1.100 и 1.300 зборови
- **Формат:** Текстот треба да биде во стил на блог или онлајн анализа
- **Стил:** јасен, директен, заснован на факти
- **Референци:** Не користете класични фусноти или крајни референци. Изворите и податоците треба да бидат вградени директно во текстот преку **хиперлинкови**.
- **Автентичност:** Не се охрабрува користење на ВИ при пишувањето на текстовите.

- За избраните текстови е предвиден соодветен паричен надоместок во иста висина за сите селектирани текстови и автори/авторки.
- Во оваа прва фаза избираме **5 текстови** кои ќе бидат објавени на нашата веб-страница и социјални мрежи. како и во интегрален електронски пдф зборник на сите текстови.

- **Како да изразите интерес?**
  Доколку сте заинтересирани, ве покануваме да испратите:

1. Ваша кратка биографија (не повеќе од 100 збора)
2. Предлог тема/идеја со краток опис (3-4 реченици) и одговор на прашањето ,,Зошто оваа тема е важна?”
3. Линкови до ваши претходно објавени текстови/блогови

**Критериуми за селекција**

Повикот е отворен за сите, но при селекцијата предност ќе имаат:

- **Активисти/ки** во областа на човековите права и родовата еднаквост
- **Претставници/чки на граѓански организации** со претходно искуство
- **Млади истражувачи/ки** кои сакаат да ги презентираат своите наоди
- Кандидати со **претходно објавени текстови** или блогови

- Селекцијата на пристигнатите предлог-идеи ќе ја врши **трочлена комисија составена од стручни лица со академска позадина, објавени научни/стручни трудови и практично искуство** во областа на родовата еднаквост, човековите права, РНБ, ЖМБ.

**Каде и до кога да ги испратите вашите апликации?**

Апликациите испратете ги на нашата е-пошта: ekvalitiko@gmail.com; info@ekvalitiko.mk

со назнака „**ПОВИК ЗА АВТОРИ/АВТОРКИ**”

**Краен рок за пријавување:** 7 септември 2026 до 16.00 часот

**Важни датуми:**

- Објавување на повикот: 31.08.2026г.
- **Краен рок за искажување интерес:** 7 септември 2026 година (до 16:00 часот)
- **Известување за селекција:** 14 септември 2026 година
- **Краен рок за достава на финалниот текст:** 22 септември 2026 година до 16.00 ч.